РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА
ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
Број Ол. 12
Датум 14.05.2009 200 _ год
Скопје

Врз основа на член 32 и член 71 став 2 алинеа 4 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија", број 35/2008), Одборот за акредитација на 13-та седница одржана на 14.05.2009 година донесе

Во Акта Арх. Знак:
Në Akt Shenja e Arkt:
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
20 г. v. Потпис, Nënshkrim,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË
МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА
UNIVERSITETI NDËRKOMBËTAR NË STRUGË
Струга-Strugë

| ПРИМЕНО: PRANUAR: | 15.05.2009 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица Njësija organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 01 | 1 | 7 | |

# РЕШЕНИЕ

**за прифаќање и акредитација на Проектот за основање на Приватна високообразовна установа Меѓународен универзитет во Струга за прв и втор циклус студии**

1.Се прифаќа Проектот за основање на Приватна високообразовна установа Меѓународен универзитет во Струга, врз основа на исполнетоста на условите согласно Законот за високото образование Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност.

2. Седиштето на Приватната високообразовна установа Меѓународен универзитет во Струга, е во Струга.

3. Основач на Приватната високообразовна установа Меѓународен умиверзитет во Струга е Еуро колеџ 2007 ДОО Струга.

4. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава на Приватната високообразовна установа Меѓународен универзитет во Струга, како правно лице за студии од областа општествени науки за додипломски студии од првиот и вториот циклус студии од областа на општествените науки за :

1. **Факултет за економски науки**
   - Економија и бизнис
   - Маркетинг и финансиски менаџмент
2. **Факултет за правни науки**
   - Правосудни студии
   - Криминалистика и детективи
3. **Факултет за политички науки**

- Дипломатија и меѓународни односи

**4. Институт за европјанистикиа и меѓународна политика**

- Европјанистика и меѓународна политика

**5. Институт за економски развој и еколочки менаџмент**

5. По завршените тригодишни студии, студент кој завршил додипломски студии на Приватната високообразовна установа Меѓународен Универзитет во Струга, се стекнува со степенот дипломиран:

А) **дипломиран правник од областа на**:

- Правосудни студии и
- Криминалистика и детективи

Б) **Дипломиран економист од областа на:**

- Економија и бизнис
- Маркетинг и финансиски менаџмент

В) **Дипломиран политиколог од областа на:**

- Дипломатија и меѓународна политика

6. По завршените петгодишни студии студент кој завршил последипломски студии на Приватната високообразовна установа Меѓународен Универзитет во Струга, се стекнува со степенот :

- Магистер по правни науки од областа на правосудни студии и криминалистика и детективи;
- Магистер по економски науки од областа на економија и бизнис и маркетинг и финансиски менаџмент
- Магистер по политички науки од областа на дипломатијата и меѓународна политика
- Магистер по европјанистика и меѓународна политика
- Магистер по економски развој и еколошки менаџмент.

7. Основачот е должен во целост да го реализира Проектот од точка 1 на ова решение по однос на исполнетоста на условите за вршење на високообразовна дејност во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност ("Службен

весник на Република Македонија", број 33/03) и Класификацијата на научни подрачја, полиња и области на истражувања, структурирани според стандардите на ОЕЦД.

8. Основачот може да врши запишување на студенти откако во целост ќе ја спроведе постапката за основање на Приватната високообразовна установа Меѓународен Универзитет во Струга, во согласност со Законот за високото образование, односно откако ќе добие решение за почеток со работа од Министерството за образование и наука и ќе изврши запишување на високообразовната установа во Регистарот на високообразовни установи на Република Македонија, како и во Регистерот кај надлежниот суд, по што Факултетот се стекнува со статус на правно лице и право да врши високообразовна дејност.

9. Според условите дадени во Проектот, на Универзитетот може да се запишат најмногу до 460 редовни студенти на прва година студии по факултети одделно, при тоа вкупниот број на запишани студенти на Приватната високообразовна установа Меѓународен универзитет Струга , не може да изнесува повеќе од 1380 студенти во прва година, под услов основачот целосно да го обезбеди просторот, опремата и наставниот кадар предложени во проектот. (Комплетно опремен простор по проект имаат 1550,64 м2 приземје, два ката и подрумски простории).

10.Со денот на влегување во сила на ова решение основачот има право да ги преземе сите активности за спроведување на Проектот за основање на Приватната високообразовна установа Факултет за правни науки Струга и да ја информира јавноста за содржината на ова решение, како и за активностите што ги презема за основање на Факултетот.

11.Основачот нема право ова Решение да го користи за информирање на јавноста дека е завршена постапката за основање и дека се исполнети условите за вршење на високообразовна дејност на Приватната високообразовна установа Меѓународен универзитет во Струга, ниту на

Приватна висока високообразовна установа Меѓународен Универзитет во Струга, и да ја информира јавноста за содржината на ова Решение, како и за активностите што ги презема за основање на Универзитет.

11. Основачот нема право ова Решение да го користи за информирање на јавноста дека е завршена постапката на основање на и дека се исполнети условите за вршење на високообразовна дејност на Приватна висока високообразовна установа Меѓународен Универзитет во Струга, ниту на било кој начин да ја доведува во заблуда јавноста дека може да започне со упис на студенти.

12. Акредитацијата од точка 1 на ова решение му дава право на основачот да да продолжи со подготвителните работи за основање и конституирање на Приватната висока високообразовна установа Меѓународен Универзитет во Струга, со право наставата да ја започне од учебната 2009/2010 година или подоцна.

13. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува со денот на дадената финансиска гаранција согласно законот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Основачот Еуро колеџ 2007 ДОО Струга достави Проектот за основање на Приватна висока високообразовна установа Меѓународен Универзитет во Струга, како и корекција и дополнување на проектот, со барање за негова акредитација .

Од извршениот увид во Проектот за основање Приватна високообразовна установа Меѓународен Универзитет во Струга, и во целокупната

документација, експертската комисија подготви експертски извештај и го достави до Одборот за акредитација.

Одборот за акредитација на своите 11-та седница одржана на 14.05.2009 година формира експертска комисија и на 13-та седница одржана на 14.05.2009 година го разгледа Извештајот на експертската комисија по Проектот за основање Приватна високообразовна установа Меѓународен Универзитет во Струга, и измените и дополнувањата кон проектот и одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Членовите на Одборот за акредитација одлуката за акредитација на Приватна високообразовна установа Меѓународен Универзитет во Струга ја донесоа едногласно со интегрирање на претходно акредитираните факултети со решение под број сл.12 од 26.02.2008 и тоа: Факултет за економски науки, Факултет за правни науки, Факултет за политички науки, Институт за европјанистика и меѓународна политика и Институт за економски развој и еколошки менаџмент.

Одборот за акредитација заклучи да му укаже на основачот дека ова решение му дава право на основачот да продолжи со подготвителните работи за основање и конституирање на Универзитетот со право учебната година да ја започне од учебната 2009/2010 година или подоцна, по извршувањето на подготовките за почетокот со работа и добивањето на решение од Министерството за образование и наука дека се исполнети условите за почеток со работа на Универзитетот.

Членовите на Одборот за акредитација одлуката за акредитација ја донесоа едногласно.

**ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОРОТ ЗА**

**АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**Проф. Д-р Виолета Арнаудова**